БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ
НА МАКЕДОНИЈА
БР. 05-1
15.2. 2024 ГОД.
СКОПЈЕ

БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје

# С Т А Т У Т
на БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје

СКОПЈЕ, 2024

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
SHKUP-nr.5

Врз основа на членовите 18 и 23 алинеја 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Собранието на Библиотекарското здружение на Република Северна Македонија, на седница одржана на 13.2.2024 година, донесе

Статут на
БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје е здружение засновано врз основа на уставно и законски загарантираното право на здружување на секој граѓанин. Тоа претставува доброволно здружение на библиотечни работници и други членови.

(2) БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје е основано на неопределено време.

Член 2

Со овој статут се уредуваат називот, седиштето, симболот/амблемот, дејностите со кои се остваруваат целите и задачите,, начинот и условите на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членувањето, правата, обврските и одговорностите на членовите, органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување на членовите на органите, траењето на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување, застапувањето по закон, начинот на стекнување и располагање со средствата, начинот на донесување на финансиски и други извештаи, начинот на остварување на јавност и отчетност во работата, начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот, начинот на одлучување за статусни промени и престанок, начинот на донесување на планови, програми и други акти, како и други прашања кои се од значење за работењето на БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје. (во натамошниот текст: Здружението).

Член 3

(1) Целосниот назив на Здружението гласи: „БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје. “.

(2) Скратениот назив на Здружението гласи: „БЗМ“.

(3) Седиштето на Здружението е во Скопје, со адреса на бул. „Гоце Делчев“ бр. 6 (во објектот на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

(4) Одлука за промена на целосниот назив, за промена на скратениот назив и промена на седиштето на Здружението донесува собранието на Здружението.

Член 4

(1) Здружението е основано на 17.12.1949 година, со Решение IV, бр, 24091/49

(2) Здружението е непрофитна организација и е независна во управувањето

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
SHKUP-nr.5

(3) Здружението има својство на правно лице, запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија и не може да се трансформира во друг вид на правно лице.

(4) Здружението одговара за своите обврски со целиот свој имот и со средствата со кои располага.

(5) Членовите на органите на Здружението одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Здружението, за злоупотреба на средствата на Здружението, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Здружението како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

Здружението има свој симбол/амблем. Амблемот е кружен, во средината има отворена црно-сива книга на бела основа, над која стои црно-сива птица був на бела основа (симбол на мудроста и знаењето), а околу неа е испишан називот: БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје.

Член 5

(1) Здружението во своето работење употребува печат и штембил.

(2) Печатот е тркалезен со пречник од 26 мм, во кој кружно, со кирилско писмо, е испишан текстот: „БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје“.

(3) Штембилот има форма на правоаголник со димензии 7 х 3 cм со текст кој гласи: „ со мнозинство од вкупниот број на членови е прифатена предлог-одлуката за промена на името на Здружението коешто се менува и гласи: БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје“. Во средината има ознака: „Бр ______“. На долниот раб се наоѓа линија за означување на датумот: „______“,под која стои зборот: „Скопје“.

(4) Печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член ги чува и употребува овластено лице, определено од претседателот на Здружението/застапникот на Здружението.

(5) Лицето од ставот (4) на овој член и претседателот на Здружението се одговорни за правилното чување и употребата на печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Начинот на употребата, чувањето и ракувањето со печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член се пропишува со одлука на извршниот одбор на Здружението.

(7) Здружението има свој симбол/амблем.

(8) Амблемот од ставот (7) на овој член е кружен, во средината има отворена црно-сива книга на бела основа, над која стои црно-сива птица був на бела основа (симбол на мудроста и знаењето), а околу неа е испишан текстот: „БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.

(9) Начинот и условите на користење на симболот/амблемот од ставот (1) на овој член се утврдуваат со одлука на извршниот одбор на Здружението.

## II. ДЕЈНОСТ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 6

Основна дејност на Здружението е: Дејности на организации врз база на зачленување (шифра 94.99)

(10) Податоците во регистарот од ставот (9) на овој член се ажурираат најмалку еднаш на две години и се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

(11) Здружението ја гарантира анонимноста на личните податоци во регистарот од ставот (9) на овој член на членовите кои тоа го побарале.

(12) Вработените во колективните членови добиваат статус на индивидуален член на Здружението.

Член 9

(1) Членството во Здружението престанува со доброволно истапување и со исклучување.:

(2) Секој член може доброволно да истапи со потпишување на писмена изјава.

(3) Членството престанува со исклучување во случај кога членот:- не го почитува статутот и другите акти на Здружението;

- не ја плаќа утврдената членарина, повеќе од една година;

-дејствува спротивно од целите и задачите на Здружението.

(2) Во случај на неплаќање на членарината од ставот (3) алинеја 2 на овој член од страна на колективен член, вработените на колективниот член, чие членство престанало имаат право да станат индивидуални членови, со потпишување на пристапна изјава, во согласност со членот 8 од овој статут.

(3) Одлука за исклучување на членот од Здружението донесува Собранието на Здружението, во рок од 30 дена од денот на дознавањето на основата за исклучување на членството.

Член 10

(1) Секој член на Здружението ги има следниве права:

- да биде избран и да учествува во работата на органите, постојните и повремени комисии и тела на Здружението;
- да биде информиран за активностите и за делувањето на Здружението;
- да даде предлози за активности и за делување на Здружението;
- да даде иницијативи за унапредување на нормативната рамка за библиотечната дејност.

(2) Секој член на Здружението ги има следниве обврски:

- да се придржува до статутот и другите акти на Здружението;
- редовно да ја плаќа утврдената членарина;
- навремено да ги извршува сите одлуки и заклучоци на органите на Здружението.

(3) Одлука за висината и начинот на плаќање на членарината ја носи собранието на Здружението.

## IV. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 11

(1) Органи на Здружението се:

- Собрание;
- Избрани делегати;
- Извршен одбор;
- Надзорен одбор;
- Секции.

(2) Здружението формира и:

- издавачки совет;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5
SHKUP-nr.5
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

- повремени и постојани комисии.

(3) Здружението има претседател, кој истовремено е и претседател на Извршниот одбор.

(4) Претседателот на Здружението е законски застапник на Здружението и го претставува Здружението во правниот промет и спрема трети лица.

Собрание

Член 12

(1) Собранието е највисок орган на Здружението и го сочинуваат сите индивидулани членови.

(2) Собранието работи на седници.

(3) Секој член присутен на Собранието има само по еден глас.

(4) Собрание одржува седница најмалку еднаш годишно (редовно) и по потреба (вонредно).

(5) Седниците на Собранието ги свикува претседателот на Здружението.(6) Вонредно Собрание може да се свика и по предлог на една половина од вкупниот број на членови на Здружението. (7) Седница на Собранието може да свика и на предлог на Надзорниот одбор. (8) Доколку претседателот на Здружението во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на дадениот предлог, не свика седница, неа ја свикува Надзорниот одбор.(9) Собранието се одржува доколку се присутни повеќе од една половина од вкупниот број на членови во Здружението. (10) Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните.

(11) Со седница на Собранието претседава претседавач.

(12) Претседавачот на Собранието се избира за секоја одделна седница, на самата седница, по предлог на претседателот на Здружението. За преседавач на Собранието може да се избере секој член на Собранието, со исклучок на претседателот на Здружението и членовите на Извршниот одбор.

(11) Собранието за сите прашања одлучува со јавно гласање.

(12) Собранието со тајно гласање одлучува само за избор и разрешување на претседател на Здружението и за членовите на органите и другите комисии и тела на Здружението.

(13) За работата на Собранието се води записник којшто содржи податоци утврдеи со деловникот за работа на Собранието.

(14) Записникот го води записничар и се заверува од претседавачот на Собранието.

(15) Собранието донесува деловник за работа со мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

Член 13

Собранието:

- Донесува статут, програма и други акти на Здружението;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај, завршна сметка и извештај за работа на Здружението;
- расправа и утврдува насоки за работа на Здружението во согласност со неговите цели и задачи;
- одлучува за промена на целта и задачите на Здружението;
- одлучува за висината на членарината за следната година;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Здружението;
- одлучува за здружување или разделување од друго Здружение;
- склучува договори за соработка со други сродни институции од земјата и странство и донесува одлуки за зачленување на Здружението во меѓународни асоцијации;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
SHKUP-nr.5

- разгледува иницијативи и донесува одлуки за формирање на секции во рамките на Здружението;
- констатира прием на нови членови и одлучува за престанок на членувањето;
- избира и разрешува членови на органите на Здружението (Извршен одбор и Надзорен одбор, Конгрес) и ги разгледува извештаите и заклучоците за нивната работа.
- донесува одлука за востановување на наградата за животно дело „Климентова повелба за животно дело“,
- врши избор и разрешување на членови на постојаните и повремените комисии;
- одлучува за престанок на Здружението; и
- врши и други работи во согласност со статутот и со актите на Здружението.

Избрани делегати

Член 14

(1) Избраните делегати го сочинуваат 41 делегат, и тоа:

- 7 делегати - Членовите на Извршниот одбор;
- 9делегати од НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, на предлог на НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје;
- 8 делагати од националните установи-библиотеки, на предлог на националните установи;
- 14 делегати од јавните библиотеки, на предлог на јавните библиотеки;
- 1 делагат од високошколските библиотеки, на предлог на високошколските библиотеки;
- 1 делегат од специјализираните библиотеки, на предлог на специјализираните библиотеки;
- 1 делегат од училишните библиотеки, на предлог на училишните библиотеки.

(2) Мандатот на делегатите е четири години со можност за повторен избор.

(3) Делегатите ги избира Собранието на Здружението.

Член 15

(1) Избраните делегати го:

- Избираат претседател на Здружението;
- именуваат в.д. претседател на Здружението во случај на непредвидени околности и спреченост на актуелниот претседател на Здружението (оставка, смрт, болест и сл.) во времетраење од максимални шест месеци до избор на нов претседател на Здружението;

(2) Седницата на избраните делегати може да биде редовен или вонреден.

(3) Редовната седница на избраните делегати се одржува на четири години.

(4) Одлука за свикување на редовена седница на делегатите донесува Собранието на Здружението најдоцна три месеци пред завршување на мандатот на делегатите. Одлуката за свикување на редовена седница на делегатите е донесена доколку за неа гласале мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

(5) Избраните делегати можат да работат ако се присутни најмалку две третини од вкупниот број делегати.

(6) Вонреден седница на избрани делегати се свикува за:

- Гласање на доверба на претседателот на Здружението;
- предвремен престанок на мандатот на претседателот или на член од избраните делегати.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5
SHKUP-nr.5
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

(7) Барање за одржување на вонредна седница на избраните делегати можат да поднесат претседателот на Здружението или најмалку една половина од вкупниот број на членови на Собранието.

(8) Во рок од пет дена од поднесеното барање за одржување на вонредна седница на избраните делегати, се свикува седница на Собранието, која се одржува најдоцна 15 дена од поднесеното барање.

(9) Одлуката за одржување на вонредна седница на избраните делегати се донесува со најмалку две третини од вкупниот број на членови на Собранието.

(10) По донесувањето на Одлуката на Собранието за одржување на вонредна седница на избраните делегати тој се одржува најдоцна во рок од 45 дена од денот на донесување на Одлуката.

(11) Во случај да не се изгласа потреба од одржување на вонредна седница на избраните делегати, барање за поведување на нова постапка за нејзино одржување не може да се иницира во рок од најмалку шест месеци, освен во случаите наведени во став (6) алинеја 2 на овој член.

(12) Доколку на вонредна седница на избраните делегати се изгласа недоверба на претседателот на Здружението, на истата седница се именува в.д. претседател на Здружението.

(13) в.д. претседателот на Здружението треба да ги исполнува условите од член 16 став 2 од овој статут.

Застапник на Здружението

Член 16

(1) Претседателот на Здружението е законски застапник на Здружението.

(2) За претседател на Здружението може да биде избрано лице со навршени 18 години и да ги исполнува следниве услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование;
- да има работно искуство од најмалку десет години во библиотека, стекнато стручно звање од областа на библиотечната дејност или лице има докажн придонес во библиотечната дејност;
- во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност; да има задолжително познавање на еден од европските јазици (англиски, германски и француски јазик);
- активно да го користи македонскиот јазик;

(3) Мандатот на претседателот на Здружението е четири години со можност за уште еден повторен избор. По пауза од четири години истиот кандидат може да аплицира за претседател на Здружението.

(4) Со донесувањето на Одлука за свикување на редовен Конгрес за избор на претседател на Здружението, Собранието избира и петчлена комисија за прием на документација и апликации од кандидати за избор на нов претседател на Здружението.

(5) Комисијата од ставот (4) на овој член е должна во рок од пет дена од денот на завршување на рокот за доставување на апликации од кандидати за избор на нов претседател на Здружението, до избраните делегати да достави листа на кандидати кои ги исполнуваат условите од ставот (2) на овој член.

(6) Изборот за претседател го вршат избраните делегати со тајно гласање со мнозинство од гласовите, во рок не подолг од 15 дена од денот на доставувањето на листата од ставот (5) на овој член.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
SHKUP-nr.5

Член 17

Претседателот на Здружението:

- Го застапува и претставува Здружението и ги потпишува неговите акти;
- ги свикува седниците на Собранието, Избраните делегати и Извршниот одбор;
- ги спроведува одлуките и заклучоците на Извршниот одбор и на Собранието;
- врши функција на главен и одговорен уредник на издавачката дејност на Здружението;
- формира работни тела и го определува делокругот на нивната работа;
- подготвува годишен финански план за работа на Здружението;
- за својата работа е одговорен пред Избраните делегати;
- во отсуство на претседателот неговите функции ги врши највозрасниот од Извршниот одбор;

Извршен одбор

Член 18

(1) Извршниот одбор го сочинуваат седум членови, и тоа:

- претседателот на Здружението;
- претставник од НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје;
- претставник од националните установи- библиотеки;
- претставник од јавните библиотеки;
- претставник од високошколски библиотеки;
- претставник од специјализираните библиотеки; и
- претставник од училишните библиотеки.

(2) За член на извршниот одбор може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку 10 години, стекнато струно звање од облста на бибиотечната дејност или лице има докажн придонес во библиотечнта дејност.

(3)Мандатот на членовите на Извршниот одбор е четири години со можност за повторен избор.

(4) Изборот на членови на Извршниот одбор го врши Собранието на Здружението по предлог на секциите.

(5) Членовите на Извршниот одбор се државјани на Република Северна Македонија.

(6) Претседателот на Извршниот одбор е и претседател на Здружението.

(7) Претседателот го свикува Извршниот одбор по негова или по иницијатива на некој од членовите на Извршниот одбор.

Член 19

Извршен одбор:

- Го подготвува предлог-статутот и предлага негови измени и дополнувања;
- предлага нацрт на други одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- изготвува програма и извештај за работа на Здружението и ги доставува на усвојување на Собранието;
- врши избор на членови на Издавачкиот совет;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5
SHKUP-nr.5
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

- дава мислење за предлог-годишен финансики план за работа на Здружението што го усвојува Собранието;
- ги разгледува плановите, извештаите и заклучоците за работата на Издавачкиот совет;
- управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- се грижи за финансиско-материјалното работење на Здружението;
- донесува одлуки за користење на средствата во согласност со законските прописи;
- избира работно претседателство по предлог на претседателот на Здружението (секретар и благајник);
- донесува Деловник за работа на Извршниот одбор;
- донесува Деловник за работа на секции;
- подготвува и предлага правилници;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлука за набавка и отуѓување на основните средства;
- врши и други работи коишто произлегуваат од статутот на Здружението;
- донесува одлуки по приговори и жалби.

Член 20

(1) Извршниот одбор полноважно одлучува ако присуствуваат повеќе од половината од членовите а одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број членови на Извршниот одбор.

(2) За својата работа Извршниот одбор поднесува годишен извештај и е одговорен пред Собранието на Здружението.

Надзорен одбор

Член 21

(1) Надзорниот одбор се состои од пет члена коишто ги избира Собранието со мандат од четири години и со можност за повторен избор.

(2) Надзорниот одбор ја следи примената на статутот и на Етичкиот кодекс на Здружението.

(3) Врши надзор врз спроведувањето на одлуките на Здружението и за можните неправилности го известува Собранието.

(4) Надзорниот одбор дава мислење за Годишниот финансиски извештај за работењето на Здружението.

(5) Извештајот на Надзорниор одбор е составен дел од Извештајот за работата на Здружението и Годишниот финансиски извештај.

Секции

Член 22

(1) Во Здружението се формираат:

- Секција на национални библиотеки;
- Секција на јавни библиотеки;
- Секција на високошколски библиотеки;
- Секција на специјализирани библиотеки; и
- Секција на училишни библиотеки

(2) Работата на секциите од ставот (1) на овој член и нивните надлежности се утврдуваат во деловник за работа на секции што го донесува Извршниот одбор.

V ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Член 23

(1) Со цел за промовирање на активностите на Здружението а во согласност со членот 6 од овој статут Здружението организира стручна (библиотекарска) издавачка дејност.

(2) Здружението издава свое гласило *Библиотекарство*.

Член 24

(1) Издавачката дејност на Здружението ја организира и ја води Издавачки совет врз основа на четиригодишна програма и план за работа што ги прифаќа Извршниот одбор.

(2) Издавачкиот совет подготвува предлог-трошковник и ценовник за чинење на планираните публикации за издавање коишто ги усвојува Извршниот одбор.

(3) Тој ја врши истата функција на Издавачки совет и за гласилото на Здружението.

Член 25

(1) Издавачкиот совет е составен од девет членови коишто ги избира Извршниот одбор со мандат од четири години и со можност за продолжување од уште еден мандат.

(2) Од своите редови Издавачкиот совет избира претседател и редакција од три члена.

(3) Претседателот на Издавачкиот совет е одговорен уредник на публикациите на Здружението.

## VI ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Член 26

Претседателот на Здружението ја изготвува годишната програма за тековната година и извештајот за реализација на годишната програма за изминатата година на Здружението и ги дава најдоцна до 15 февруари за позитивно мислење од Извршниот одбор.

Извршниот одбор најдоцна во рок од еден месец мора да се произнесе за мислење. По добиено позитивно мислење од Извршниот одбор се Програмата и Извештајот се даваат на усвојување на Собранието надоцна во рок од 15 дена од добиеното позитивно мислење.

Претседателот ги презема активности за реализација на програмата на Здружението.

## VII КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

Член 27

Финансиските средства за остварување на дејноста на Здружението се обезбедуваат од:

- членарина
- донации
- буџет
- издавачка дејност
- дотации
- други извори.

Член 28

Средствата на Здружението се користат за реализација на неговите цели и активности во согласност со програмата за работа на Здружението, а во рамките на правата, обврските и одговорностите утврдени со закон и овој статут.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
SHKUP-nr.5

Член 29

(1) За користење на средствата на Здружението одлучува Извршниот одбор по предлог на претседателот на Здружението.

(2) Претседателот на Здружението е потписник на жиро-сметката на Здружението.

## VIII ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

Член 30

(1) Работата на Здружението и неговите тела е јавна и е во согласност важечките законски прописи.

(2) За својата работа и активностите Здружението ја информира јавноста преку своето гласило *Библиотекарство* и веб-страницата на Здржението www.bzm.mk и преку известувања и соопштенија за печатот, како и останатите средства за јавно информирање.

(3) Известувањата и соопштенијата за средствата за јавно информирање ги дава претседателот на Здружението или лице овластено од него.

## IX ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА ЗДРЖЕНИЕТО

Член 31

Здружението престанува со работа ако:

- За тоа одлучи Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членовите;
- поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган утврден со статутот, а таа не е одржана;
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон;
- донесена одлука на надлежен суд;
- статусна измена која предвидува престанок на постоењето;
- стечај;
- спроведена ликвидација;
- се намали бројот на членови под бројот потребен за основање (под пет члена);
- се утврди дека Здружението престанало да работи.

(2) Претседателот на Здружението е должен за околностите од ставот (1) од овој член да го извести надлежниот суд во рок од петанесет дена од денот на нивното настанување.

(3) Во случај на престанок на Здружението, со имотот и средствата што останувaат по намирување на обврските, располага НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

## X НАЧИН НА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ ПРИ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 32

Во случај на разрешување на спорни прашања при судир на интереси и други прашања од значење за работата на Здружението Извршниот одбор избира лице – медијатор коешто по пат на медијација треба да пронајде начин да се разреши спорот. Доколку по пат на медијација не се разрешат спорните прашања е надлежен Основниот суд на чијашто територија се наоѓа неговото седиште.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.5
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
SHKUP-nr.5
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

## XI ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ

Член 33

(1) Нацртот на Статутот, неговите измени, дополнувања и пречистен текст ги изготвува трочлена Комисија што ја избира Собранието.

(2) Толкување на овој статут дава Собранието на Здружението.

(3) Иницијатива за измени и дополнувања на овој статут може да поднесе секој член на Здружението, а за пристапување кон измените и дополнување одлучува Собранието.

(4) Статутот на Здружението и неговите измени и дополнувања ги донесува Собранието доколку за нив се изјансиле две третини од присутните.

## XII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

(1) Прашањата што не се уредени со овој статут ги уредува Собранието со посебни акти, во согласност со Уставот, со законите и со овој статут.

(2) Актите утврдени со овој статут ќе се донесат најдоцна во рок од шестмесеци од денот на влегувањето во сила на овој статут.

(3) Сè што е уредено со овој статут, а е спротивно на Уставот и на законите, се смета за ништовно.

Член 35

(1) Постојните органи, тела и комисии на Здружението, коишто се предвидени и со овој статут ќе продолжат со својата работа сè до истекот на својот мандат.

(2) Новите органи, тела и комисии коишто се предвидени со овој статут, ќе се формираат, односно ќе се изберат или именуваат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој статут.

Член 36

Со денот на влегувањето во сила на овој статут престанува да важи Статутот на Библиотекарското здружение на Македонија усвоен на 16.6.2016 година.

Член 37

Овој статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Со стапување на сила на овој статут престанува да важи Статутот на Библиотекарското здружение на Македонија усвоен на 16.6.2016 година.

Претседавач на Собранието

БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА Скопје

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.5 ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP-nr.5